**Република Северна Македонија**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**

**СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЗА 2023 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| Дел. Бр. | 34 - 6316/1 | М-р Мирослав Богдановски<br>[име и презиме] |
| Датум: | 27.12.2022 | Главен инспектор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| | М.П. | |
| Место: | | [потпис] |

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ

**Резиме**

Секторот за инспекциски работи врши работи поврзани со инспекциски надзор над спроведувањето на Деталните урбанистички планови, односно врши контрола на законитоста на издадените одобренија за градење и контрола на градењето на објекти од втора категорија осогласно Законот за градење што се во надлежност на Општината, врши инспекциски надзор над уредувањето на градежното земјиште, комуналните дејности и јавната чистота, заштитата на животната средина, домувањето, угостителството и други работи кои ќе му бидат доверени врз основа на закон и други прописи.Врз основа на член 33 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РСМ бр.102/2019), Раководителот на инспекциската служба донесува Годишен план за работата на инспекциската службаза периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Анализа на ризици**

При анализа на очекуваната состојба во областа на инспекцискиот надзор во поглед на ризикот за неприменување на прописите од областите за кои се овластени општинските инспектори, се доаѓа до проценка дека веројатноста за настанување на ризикот е мала, односно ризикот се јавува повремено или случајно.
Проценката дека веројатноста за настанување на ризикот е мала, односно ризикот се јавува повремено или случајно е базирана на досега извршените инспекциски надзори и донесени/извршени инспекциски управни акти и глоби.

**Организација и раководење**

Во состав на Секторот за инспекциски работи, со кој раководи раководителот на секторкој има едено непополнето место помошник раководител, формирани се две одделенија кои ја покриваат надлежноста - вршење инспекциски надзор во повеќе области и тоа:

1. Одделение за комунална инспекција, инспекција за животна средина, наплата на даноци и такси и други надлежности на општината
2. Одделение за градежна инспекција

1. **Одделение за комунална инспекција и инспекција за животна средина, наплата на даноци и такси и други надлежности на општината** врши инспекциски надзор над субјектите надлежни за обезбедување на комуналната хигиена, одржувањето на парковите и зеленилото, врши инспекциски надзор на заштитата на животната средина, ги спроведува мерките за одржување на јавната чистота во Општината согласно Законот за јавна чистота и Одлуката за јавна чистота донесена од Советот на Општина Центар-Скопје, Законот за комуналните дејности и Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на територија на Општината, донесена од Советот на Општина Центар-Скопје, на сторителите на прекршоци им изрекува глоба определена со законски прописи, исто така врши контрола над спроведување на Законот за домување и подзаконските акти и др.,

Во состав на Одделението, ангажирани се:
- 2 Комунални инспектори
- 2 Инспектори за животна средина,
- 1 Инспектор за домување
- 3 Комунални редари
- Виш соработник за управно правни работи
- Извршител за домување.
- Виш референт за домување.

Потребно е зголемување на бројот на инспектори во Секторот за инспекциски работи. Зголемување на бројот на инспектори е потребно во комуналната инспекција, градежната инспекција како и ангажирање на просветен инспектор се со цел подобро и поефикасно спроведување на инспекциските надзори на целата територија на Општина Центар.

За реализација на Годишниот план ќе бидат изготвени шестмесечни извештаи во законски утврдени рокови.

**Комуналната инспекција**

Комуналните инспектори согласно планот за работа за 2023 година спроведуваат мерките утврдени согласно материјалните законски и подзаконски акти како што се:

- Законот за јавна чистота и Одлуката за јавна чистота, донесена од Советот на Општина Центар-Скопје,
- Законот за комуналните дејности,
- Одлука за комунален ред и мерки за спроведување на подрачјето на Општина Центар-Скопје,
- Закон за урбано зеленило,
- Закон за инспекциски надзор,
- Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност,
- Програма за поставување на урбана опрема за дел од подрачјето на Општина Центар-Скопје.

Инспекцискиот надзор ќе се врши на начин така што територијата на Општина Центар е поделена на 7 реони, а се со цел за поефикасно следење на состојбите на терен.

Теренската оперативна реонизација на територијата на Општина Центар ги опфаќа следните реонски целини:

1. **Реон 1- Општина Центар**
2. **Реон 2- Општина Центар**
3. **Реон 3- Општина Центар**
4. **Реон 4- Општина Центар**
5. **Реон 5- Општина Центар**
6. **Реон 6- Општина Центар**
7. **Реон 7- Општина Центар**

**1. Реонот 1 ги опфаќа:** ул.Ф.Рузвелт, бул. Партизански Одреди -левата страна, бул Св.Клименд Охридски -левата страна , мостот Гоце Делчев, Пешачкиот мост и дел од Градски Парк . (Дебар Маало 1 и 2, Кале и дел од Градски парк)

**2. Реонот 2 ги опфаќа:** ул.Ф.Рузвелт,бул.Партизански одреди-десната страна,бул. Св.Клименд Охридски, бул М.Теодосиј Гологанов. (Буњаковец 1и 2)

**3. Реонот 3 ги опфаќа:** бул М.Теодосиј Гологанов, ул.Ф.Рузвелт, ул.Загребска, ул.Водњанска( Мајка Тереза) и ул.Салвадор Аљенде, населба Курило. (Старо Водно, Капиштец, Цвеќара и Курило)

**4. Реонот 4 ги опфаќа:** ул.Водњанска и ул.Салвадор Аљенде, ул.Црниче, ул.Бихачка, бул.М.Х.Јасмин.(Тасино чешмиче 1 и 2, Долно Водно, Клинички блок и Нова железничка)

**5. Реонот 5 ги опфаќа:** бул. Св.Клименд Охридски, бул Гоце Делчев, бул. Кочо Рацин и бул. М.Х.Јасмин. (Голем Ринг, Мал Ринг и Судска Палата)

**6. Реонот 6 ги опфаќа:** бул. Кочо Рацин, бул Гоце Делчев, бул Никола Карев, бул.3 та Македонска бригада. (Ново Маало, Пролет, Маџир Маало)

**7. Реонот 7 ги опфаќа:** ул. Самоилова, ул.Лазар Личеновски, дел од Стара Чаршија и и населба Крњево. (Кале, Стара Чаршија и Крњево 1 и 2)

Во однос на инспекцискиот надзор согласно Законот за инспекциски надзор истиот се спроведува како редовен, контролен и вонреден инспекциски надзор.

Инспекциските надзори се вршат над физички и правни лица. Дел од надлежностите по кој постапува комуналната инспекција се:

- одржување на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини во летен и зимски период;
- редовна контрола на градилиштата во однос на излегување на камиони и други градежни машини од градилиштата на улица со валкани тркала и непокриени со поклопец- церада;
- редовна контрола и дежурства на диви депонии и контроли заради палење на комунален отпад од страна на несовесни граѓани;
- контрола и учество во есенско и пролетно чистење на урбаниот дел од општината;
- расчистување на снег пред деловни објекти, пред индивидуални и колективни стамбени згради;
- редовна контрола на угостителските објекти во однос на користење на
- јавна површина пред деловните простори;
- одржување и поставување на комуналните уреди и опрема;
- одржување,користење и заштита на урбаното зеленило на подрачјето на Општина Центар-Скопје;
- одржување на чистотата на јавните паркиралишта од значење на општината, утврдени со урбанистички план;
- снабдување со вода за пиење од единствениот водоснабдителен систем на градот Скопје;
- одведување и испуштање на атмосферските води;
- контрола на одржувањето и чистење на сливниците за атмосферски води;
- одведување и пречистување на урбаните отпадни води;
- одржување и чистење на отворени канали од системот за прифаќање и одведување на водите од Парк Шума Водно на територија на Општина Центар-Скопје;
- инспекциски надзор на физичките и правните лица како корисници на комуналните услуги;
- инспекциски надзор на физичките и правните лица како даватели на комуналните услуги;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни преставки од физички и правни лица;
- водење на управни постапки;
- прием на странки.

Комуналните инспектори ќе земат учество на работилници, семинари, предавања и едукации, во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони и подзаконски акти, односно специјализирани обуки.

Комуналната инспекција врз основа на извршените инспекциски надзори во 2023 година, како и во однос на наредните активности ќе изготви:

- Месечни оперативни планови за работа на Комунална инспекција за 2023 година;
- Месечни извештаи за работата на Комунална инспекција за 2023 година;
- Шестмесечен извештај за работата на Комунална инспекција за периодот јули-декември 2022 година;
- Шестмесечен извештај за работата на Комунална инспекција за периодот јануари-јуни 2023 година;
- Годишен план за работата на Одделението за комунална инспекција за 2024 година;

Комуналните инспектори ќе иницираат иницијативи за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се зголемиле и разграничиле надлежностите на комуналните инспектори на државно, градско и општинско ниво, а со тоа и нивната теренска работа би била поефикасна.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот на надзор во 2023 година, - комунална инспекција**

| | Вид на надзорот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Регион/ Општина | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
| Општина Центар | 50 | 80 | 45 | 175 | 50 |

Во текот на 2023 година согласно легислативата, планирани се вкупно 50 редовни инспекциски надзори, а се очекува спроведување на околу 80 вонредни, односно 45 контролни инспекциски надзори, или вкупно 175 надзори.

Исто така потребно е зголемување и на бројот на комунални инспектори во Секторот за Инспекциски работи на Општина Центар-Скопје сé со цел подобро и поефикасно спроведување на инспекциските надзори на целата територија на Општина Центар-Скопје.

| МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3X3 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ВЕРОЈАТНОСТ ЗА СЛУЧУВАЊЕ НА ШТЕТНИ ПШОСЛЕДИЦИ | 3- ВИСОКА | | | |
| | 2-СРЕДНА | Умерен ризик (4) | | Значителен ризик (6) |
| | 1-НИСКА | | Умерен ризик (4) | |
| | | 1-НИСКА | 2-СРЕДНА | 3-ВИСОКА |

Проценката на ризици во однос на комунална инспекција предвидува ниски до средни штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување, односно, умерен до значителен ризик, освен во контролата на комуналната такса за користење на јавна површина пред деловен простор за вршење на дејност, каде што, досегашната пракса покажала голема зачестеност во повторувањето на неправилностите кај одредени исти субјекти на надзор.

## Комунални редари

Годишниот план на комунални редари кој се однесува на 2023 година се наведени надлежностите на комуналните редари кои се утврдени со:

- Закон за комунални дејности, Закон за јавната чистота, Одлуката за јавна чистота, Одлука за комунален ред и мерки за спроведување на подрачјето на Општина Центар-Скопје и други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените, кои ќе се донесат во 2023 година а се во надлежност на комуналните редари.

Надзорот се врши над физички лица согласно со Законот за јавната чистота и Законот за комуналните дејности.

Надзорот ќе се врши на начин што територијата на Општина Центар оперативно е поделена 7 реони.

Дел од надлежностите по кои постапуваат комуналните редари се: на физичките лица како можни сторители на прекршокот им се прекршочна казна, вршат контрола на јавната чистота на јавните површини, го контролираат расчистување на снег пред деловните објекти, пред индивидуални и колективни станбени згради, контрола на чистотата на зеленилото покрај општинските собирни улици, контрола на чистотата во градските паркови, контрола на диви продавачи. За 2023 година се предвидува комуналните редари да учествуваат на едукации и обуки во врска со имплементација на одредбите од Законот за јавната чистота, Законот за комунални дејности и др.

Комуналните редари ќе изготвуваат годишни извештаи, месечни планови и месечни извештаи за нивната работа. Исто така потребно е зголемување на бројот на

комунални редари се́ со цел подобра и поефикасна конторла на теренот предвиден во планот.

**Инспекција за животна средина**

Инспекцијата за животна средина е екипирана со два инспектори. Сметаме дека согласно надлежностите, големината на подрачјето и бројот на субјекти на надзор, инспекцијата би требало во иднина да се доекипира со уште еден инспектор.

При утврдување на содржината на Планот за работа на инспекторите за животна средина за 2023 година се имаа во предвид надлежностите на инспекцијата за животна средина утврдени со законските и подзаконските акти и тоа:

- Законот за инспекциски надзор;
- Законот за животна средина;
- Законот за општа и управна постапка;
- Законот за постапување по претставки и предлози;
- Законот за прекршоците;
- Законот за управување со отпад;
- Законот за управување со пакување и отпад од пакување;
- Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори,
- Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема,
- Закон за посебни текови на отпадот,
- Законот за квалитет на амбиентален воздух;
- Законот за заштита од бучавата во животната средина;
- Законот за води;
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените, кои ќе се донесат во 2023 година, а се во надлежност на инспекцијата за животна средина на Општина Центар.

Инспекцискиот надзор се врши редовно или по добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и средства за јавно информирање.

Во случаи на опасност за животната средина и животот и здравјето на луѓето, инспекторот за животна средина е должен да изврши инспекциски надзор, над правни и физички лица, во секое време и на лице место, без претходна најава во деловните простории, инсталациите, објектите, како и на средства и опрема за вршење на дејноста и активноста на правните субјекти. Инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку: редовен инспекциски надзор, вонреден инспекциски надзор, контролен инспекциски надзор. Инспекторите за животна средина од Општина Центар активно ќе се вклучат и ќе учествуваат на обуки, семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните и други закони по кој се постапува.

Во рамките на овластувањата и надлежностите дадени со Закон, инспекторите за животна средина ќе:

- вршат увид над спроведувањето на законите и другите прописи, општи акти и посебни акти;
- вршат контролен надзор по истекот на определен рок за отстранување на утврдени недостатоци;
- изрекуваат со Закон пропишани мерки и активности;
- водат постапки во прв и втор степен пред надлежен орган;
- вршат стручна обработка на прашања што се од значење за примена на законските одредби;

- изготвувааат анализи и информации од доменот на своето работење;
- учествуваат во координирани надзори и други активности во соработка со државните инспектори за животна средина и општинските инспектори за животна средина од општините на градот Скопје.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2023 година за инспекција за животна средина**

| | Вид на надзор | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Општина | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
| Центар | 72 | 80 | 65 | 217 | 90 |

Планирањето на редовните инспекциски надзори е направено врз основа на анализи на постоечките дејности на територијата на Општина Центар, по населби и урбани заедници. Надзорот се спроведува во правните субјекти кои што подлежат на изработка на Елаборат за животна средина, согласно Уредбата за дејности и активности за кои што задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општина Центар.

Во текот на 2023 година согласно легислативата, планирани се вкупно 72 редовни инспекциски надзори, а се очекува спроведување на околу 80 вонредни, односно 65 контролни инспекциски надзори или вкупно 217 надзори.

**ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3Х3**




При вршењето на инспекциски надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на заштитата на животната средина на територијата на Општина Центар, се очекуваат средни до високи штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување, односно, умерен до значителен ризик.

**Инспектор за домување**

Инспекторот за домување врши инспекциски надзор над примената на Законот за домување и прописите донесени врз основа на истиот, законитоста на вршењето на работите од областа на домувањето, се со цел за остварување и за заштита на јавниот интерес и интересот на физичките и правните лица.

Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор е должен работите да ги врши совесно, стручно, ефикасно, уредно, навремено и непристрасно.

Согласно законската легислатива која е наведена во Годишната програма со месечни планови за работа на овластениот инспектор за домување за 2023 година, овластениот инспектор за домување инспекцискиот надзор ќе го врши и тоа:

- над станбени, станбено-деловни и деловно-станбени згради во однос на утврдување дали управувањето со истите се врши согласно законските одредби и прописите донесени врз основа на истиот;
- дали се почитуваат пропишаните норми и стандарди за домување;
- утврдува дали управителот продолжува да ги исполнува условите врз основа на кои му е издадена лиценцата;
- за правата и обврските на сопствениците на посебните делови во однос на заедничките делови на зградата како целина;
- дали се уредени закупничките односи согласно Законот за домување;
- по добиени писмени и усни преставки од физички и правни лица;
- водење на управна постапка;
- покренување на прекршочни постапки пред надлежен суд и комисија за прекршоци;
- прием на странки.

Работните активности на овластениот инспектор за домување во текот на 2023 година се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски прописи:

1. Закон за домување („Службен весник на Република Македонија" бр.99/2009г., 57/2010, 36/2011, 54/2011,13/2012, 55/2013,163/2013, 42/2014, 199/2014, 146/15, 31/16 и 64/2018г.)
2. Правилник за нормите и стандардите за домување во станбените згради („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2010, 141/2010г.)
3. Уредба за критериуми и методологија за категоризација на становите и станбените згради („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2010г.)
4. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на станбени згради и станови и на регистарот на управители на станбени згради („Службен весник на Република Македонија" бр.88/2010г.)
5. Правилник за висината на износот за посебните делови во резервниот фонд, најниската вредност на истиот, видот на трошоците за кои ќе се користат средствата од резервниот фонд, во зависност од староста на објектот, бројот на посебните делови

во зградата и видот на материјалот од кој е изградена зградата („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/2011г.)

6. Закон за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/2008,119/2010, 36/2011г.,136/11,164/13,41/14,33,15,61,15,154,15 и 53/16);
7. Закон за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/2004,81/2007 55/2013г ,158/14г, 193/15,39/16 и 152/19.)
8. Закон за заштита на личните податоци (Сл.весник на РМ ,,бр. 07/05,103/08,124/10,135/11,43/14, 153/15 и 99/16)
9. Закон за сопственост и други стварни права (Сл.весник на РМ ,, бр18/2001,92/2008,139/2009 и 35/2010 г)
10. Закон за катастар на недвижности(„Службен весник на Република Македонија“бр.55/2013г, 115/14,116/15,153/15, 192/15 г)
11. Закон за облигациони односи („Службен весник на Република Македонија“бр.18/2001,78/2001,4/2002,59/2002,67/2002,84/2008,81 /2009 и 161/2009г.)
12. Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и другиинфраструктурни објекти („Сл. Весник на Р.М.“ бр.66/2006г.) и Закон за измени идополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и другиинфраструктурни објекти („Сл.Весник на Р.М.“ бр.55/2007г.,145/2010г. и 163/13г);
13. Закон за општа управна постапка („Сл. Весник на Р.М.“ бр.124/15г-нов ЗОУП.),
14. Закон за постапување по преставки и предлози („Сл. Весник на Р.М.“ бр.82/2008г,13/13,156/15 и 193/15),
15. Закон за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.05/2002г.)
16. Закон за прекршоци (,,Сл.Весник на Р.М.“ бр.124/15)
17. Закон за инспекциски надзор (,,СлВесник на Р.М бр.102/19)

Во рамките на годишниот план за работа за 2023 година овластениот инспектор за домување ќе ги превзема следните дејствија:

- Спроведување на редовен инспекциски надзор над управители на станбени згради, надзор дали управувањето со станбените згради од страна на управителите и заедниците на сопственици се врши согласно законските пропишани одредби, постапување по пријави и барања на посебни делови од станбени згради (вонреден инспекциски надзор) за состојби со кои се повредени предвидените законски одредби од Законот за домување.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2023 година за инспекција за домување**

| | Вид на надзор | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Општина** | **Редовен надзор** | **Вонреден надзор** | **Контролен надзор** | **Вкупно надзори** | **Вкупно неправилности** |
| Центар | **40** | **40** | **25** | **105** | **35** |

**Извршителот за домување** превзема дејствија заводење на двата регистри согласно Законот за домување односно Регистар за станбени згради и станови како и Регистар на управители на станбени згради и ЗСС (Заеници на сопственици на станови) кои се подлежни на постојани промени и потреба од ажурирање на податоците.

2. **Одделение за градежна инспекција** односно градежните инспектори вршат инспекциски надзори над примената на Законот за градење и прописите донесени врз основа на тој закон, на објекти од надлежност на Општината, врши инспекциски надзор во однос на поставување на времени објекти и урбана опрема и др.

Во состав на одделението ангажирани се двајца градежени инспектори.

При утврдување на содржината на Годишниот план за работа за 2023 година на градежните инспектори на Општина Центар се земени во предвид нивните надлежностите кои се утврдени со законските и подзаконските акти утврдени според:

Законот за инспекциски надзор, Законот за градење, Законот за општа управна постапка, Закон за прекршоци.

Инспекцискиот надзор се врши како редовен, контролен и вонреден инспекциски надзор. Активностите на градежната инспекција ќе се извршуваат во текот на периодот јануари - декември 2023 година. Инспекциските контроли ќе се извршуват самостојно или според потребите во координација со другите инспекциски служби на општина Центар.

Во редовните активности на градежната инспекцијата влегуваат:

- теренска работа која опфаќа редовна теренска обиколка на градот и населените места во општината, за континуирано следење на состојбата со изградбата на објектите.
- Канцелариска работа која опфаќа водење дневник, прием и изготвување одговори на писмени поднесоци, прием и сослушување на странки,водење на инспекциски постапки, контрола на издадени одобренија за градба и изготвување на извештаи, програми и друго.За констатираните прекршоци инспекторите ќе изготвуваат записници, ќе донесуваат решенија во управна постапка.

Градежните инспектор ќе земат учество на специјализирани и генерички обуки како и работилници, семинари, предавања и едукации, во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони и подзаконски акти.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2023 година, градежна инспекција.**

| | Вид на надзорот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
| Општина Центар | 70 | 80 | 60 | 210 | 75 |

Потребно е зголемување на бројот на градежни инспектори во Секторот за Инспекциски работи на Општина Центар-Скопје. Зголемување на бројот на инспектори е потребно во градежната инспекција сé со цел подобро и поефикасно спроведување на инспекциските надзори на целата територија на Општина Центар-Скопје.

**ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3Х3**




Проценката на ризици во градежната инспекција предвидува средни до високи штетни последици со висока зачестеност за повторување, односно, висок ризик со отпочнување на градење без одобрение, до значителен ризик во контролата.

За реализација на Годишниот план ќе бидат изготвени шестмесечни извештаи во законски утврдени рокови по Законот за инспекциски работи, извештај за инспекциска статистика (ИЗИП1) како и извештај за потрошени сретства по програма Ф2.

*Табела 1. Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање*

| Вид | Градежен Инспектор | | | | | | Комунален Инспектор | | | | | | Инспектор животна средина | | | | | | Инспектор за домување | | | | | | Вкупно | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | | | 1 | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | 1 | | | | 1 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | 0 | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | |
| В1 – советник инспектор | | 1 | | 1 | | 0 | | | | 1 | | 0 | | | 2 | | | 0 | | 1 | | | | 0 | | 1 | 2 | 2 | 1 | 6 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | |
| Вкупно | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 7 | | | | | | |

*Табела 2. План за нови вработувања и пензионирања на инспектори*

| **Вид** | **Инспектор** | | | **Вкупно инспектори** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 |
| В1 – советник инспектор | 3 | | 0 | | | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | 1 | | 0 | | | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 |
| Вкупно | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## Инспекциски надзор

*Табела 3. Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во [2023] година, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилност и |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1 | Велес | | | | 0 | |
| 2 | Градско | | | | 0 | |
| 3 | Демир Капија | | | | 0 | |
| 4 | Кавадарци | | | | 0 | |
| 5 | Лозово | | | | 0 | |
| 6 | Неготино | | | | 0 | |
| 7 | Росоман | | | | 0 | |
| 8 | Свети Николе | | | | 0 | |
| 9 | Чашка | | | | 0 | |
| | Источен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Берово | | | | 0 | |
| 11 | Виница | | | | 0 | |
| 12 | Делчево | | | | 0 | |
| 13 | Зрновци | | | | 0 | |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | |
| 15 | Кочани | | | | 0 | |
| 16 | Македонска Каменица | | | | 0 | |
| 17 | Пехчево | | | | 0 | |
| 18 | Пробиштип | | | | 0 | |
| 19 | Чешиново | | | | 0 | |
| 20 | Штип | | | | 0 | |
| | Југозападен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | |
| 22 | Дебар | | | | 0 | |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | |
| 24 | Кичево | | | | 0 | |
| 25 | Македонски Брод | | | | 0 | |
| 26 | Охрид | | | | 0 | |
| 27 | Пласница | | | | 0 | |
| 28 | Струга | | | | 0 | |
| 29 | Центар Жупа | | | | 0 | |
| | Југоисточен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 30 | Богданци | | | | 0 | |
| 31 | Босилово | | | | 0 | |
| 32 | Валандово | | | | 0 | |
| 33 | Василево | | | | 0 | |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 34 | Гевгелија | | | | 0 | |
| 35 | Дојран | | | | 0 | |
| 36 | Конче | | | | 0 | |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | |
| 38 | Радовиш | | | | 0 | |
| 39 | Струмица | | | | 0 | |
| | Пелагониски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 40 | Битола | | | | 0 | |
| 41 | Демир Хисар | | | | 0 | |
| 42 | Долнени | | | | 0 | |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | |
| 44 | Крушево | | | | 0 | |
| 45 | Могила | | | | 0 | |
| 46 | Новаци | | | | 0 | |
| 47 | Прилеп | | | | 0 | |
| 48 | Ресен | | | | 0 | |
| | Полошки регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 49 | Боговиње | | | | 0 | |
| 50 | Бревеница | | | | 0 | |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | |
| 52 | Гостивар | | | | 0 | |
| 53 | Желино | | | | 0 | |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | 0 | |
| 56 | Теарце | | | | 0 | |
| 57 | Тетово | | | | 0 | |
| | Североисточен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 58 | Кратово | | | | 0 | |
| 59 | Крива Паланка | | | | 0 | |
| 60 | Куманово | | | | 0 | |
| 61 | Липково | | | | 0 | |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | |
| | Скопски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 64 | Аеродром | | | | 0 | |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | |
| 66 | Бутел | | | | 0 | |
| 67 | Гази Баба | | | | 0 | |
| 68 | Ѓорче Петров | | | | 0 | |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | |
| 70 | Илинден | | | | 0 | |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 71 | Карпош | | | | 0 | |
| 72 | Кисела Вода | | | | 0 | |
| 73 | Петровец | | | | 0 | |
| 74 | Сарај | | | | 0 | |
| 75 | Сопиште | | | | 0 | |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | |
| **77** | **Центар** | **232** | **280** | **195** | **707** | **250** |
| 78 | Чаир | | | | 0 | |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | 0 | |
| 80 | Шуто Оризари | | | | 0 | |
| **ВКУПНО** | | **232** | **280** | **195** | **707** | **250** |

**Обука на инспекторите и административните службеници**

Инспекторите при Секторот за инспекциски работи врз основа на Законот за инспекциски работи член 49 став 3 ќе учествуваат на обуки согласно донесената **Годишна Програма за генерички обуки**.

**ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА**

Главната цел на оваа Годишна програма за генерички обуки на инспекторите за 2023 година е надградување на основните компетенции и вештини на инспекторите,во функција на постигнување на високи перформансии нивен понатамошен професионален развој.

Посебните цели на оваа Програма, вклучуваат:

- Понатамошно запознавање со општата законска рамка за инспекциски надзор,
- Унапредување на вештините за професионално однесување,
- Изградба на личниот интегритетна инспекторите,
- Подобрување на вештините поврзани со инспекцискиот надзор,
- Подобрување на квалитетот на актите кои ги донесуваат инспекторите,
- Подобрување на антикорупциско однесување на инспекторите.

Реализацијата на Годишната програма ќе обезбеди инспекторите да се стекнат со нови и современи знаења и вештини, кои се од суштествено значење за нивната работа и значително ќе придонесат за подобрување на меѓусебната соработка и комуникација.

**ОБЛАСТИ И ТЕМИ ЗА ОБУКА**

Годишната програма за стекнување знаења и вештини ги опфаќа следните теми:

Тема 1.1 –Начела и организација,права, обврски и овластувања на инспекторите (**Закон за инспекциски надзор**)

- Општи одредби,
- Основни начела на инспекцискиот надзор,
- Организација и раководење со инспекциските служби,
- Следење на работата на инспекциските служби.
- Статус и вработување на инспектор,
- Лиценца за инспектор,
- Права и обврски на инспектор,
- Учинок на инспектор.

Тема 1.2 –Инспекциски надзор (**Закон за инспекциски надзори Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор**)

- Права и обврски на субјектот на инспекциски надзор при вршење на инспекциски надзор,
- Прекршочни одредби,
- Планирање на инспекциски надзор,

  - Одредување на опфат на надзорот,
  - Подготовка на документи,
  - Проверка на постоечки податоци,
  - Потешки иниспекциски надзори,
  - Претходна најава,
  - Неутралност и независност,

- Спроведувањена инспекциски надзор

  - Иницијален состанок,
  - Користење на простории за време на надзор,
  - Наод на состојба и донесување на инспекциски акти
  - Набљудување и интервјуа,
  - Листи за проверка,
  - Попречување на надзорот,
  - Фотографии, примероци,
  - Пристап до документи,
  - Одземање на предмети,
  - Инспекциски мерки, Известување на други институции,
  - Записник,

- Затворање и документирање на инспекциски надзор

  - Завршен состанок,
  - Доставување на останата документација,
  - Коментари на субјектот по записник,
  - Завршување на теренска посета,
  - Печатена евиденција,
  - Електронска база на податоци,
  - Планирање на контролен инспекциски надзор,
  - Известување на други институции,
  - Поддршка за жалби и тужби

Тема 1.3 – Начела и организација,постапки,одговорност и санкции (**Закон за прекршоци**)

- Основни одредби
- Општи одредби
- Значење на изразите во Законот за прекршоци
- Прекршочна постапка
- Забрзани постапки,
- Постапки за порамнување и спогодување
- Прекршочна постапка пред прекршочен орган
- Прекршок и прекршочна одговорност
- Прекршочни санкции за полнолетни сторители
- Прекршочни санкции за правни лица и трговец поединец
- Застареност

Тема 1.4 – Постапување по претставки и предлози,прекршочни одредби (**Закон за постапување по предлози и претставки**)

- Евиденција
- Разлика меѓу предлог и претставка
- Рокови за постапување по претставки
- Анонимни претставки
- Права и обврски на подносителот
- Надлежност
- Прифаќање и одбивање на претставките
- Начин и постапка на чување на класифицирани информации
- Надзор
- Кога не се постапува по претставка
- Жалби
- Како да се спроведе инспекција при претставка
- Начин на одредување на компетентност при вкрстена надлежност на повеќе инспекциски служби

Тема 1.5 – **Закон за градење**

- Инспекциски надзор
- Носење на инспекциски управни акти
- Рокови
- Постапки по Жалби
- Извршување на акти
- Форма и содржина на акти
- Урбана опрема
- Градба и нејзина квалификација.

Тема 1.6 – **Закон за Домување**

- Регистри
- Обврски на управители
- Обврски на заедници на сопственици
- Носење на решение
- Изрекување на глоби
- Предлог за одземање на лиценци

Тема 1.7 –**Закон за јавна чистота**

- Диви продавачи
- Шут на јавно место
- Диво приклучени водоводни инсталации
- Ирекување на мандадти казни и прекршочни глоби
- Постапка по жалби

Тема 1.8 – **Закон за животна средина**

- Елаборати за заштита на животна средина
- Носење на управни акти и ниво извршување
- Донесување на глоби

Тема 1.9 – **Закон за заштита од бучава во животната средина**

- Контрола на ниво на бучава при вршење на угостителска дејност
- Издавање на управни акти
- Носење на мандатни казни и прекршочни санкции

## ПРИЧИНИ ЗА ПРЕДВИДЕНИТЕ ОБУКИ

Главната причина за обучување на инспекторите е потребата од зајакнување на капацитетите на државната администрација за доследно спроведување на законските прописи во Република Северна Македонија, како еден од клучните предуслови во евроинтегративните процеси на државата.

Предвидените области и теми за обука на инспекторите се резултат на Анализата на потребите за генерални обуки, со која се идентификувани најрелевантните и потребни теми за обука, но и најефикасните методи за спроведување на обуката за инспекциските служби.

**Буџет и финансирање**

Финансиските средства за спроведување на надлежностите на Секторот за инспекциски работи се предвидени во Буџетот на Општина Центар за 2023 година.

Буџетот со кој ќе располага Секторот за инспекциски работи ќе изнесува 8.600.000 денари и тоа како што е прикажано во следната табела:

| Основна ставка | Под ставка | Видови на приходи | Планирано |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | Ф2. УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | | |
| | | ВКУПНИ РАСХОДИ | 8.600.000 |
| 425 | | Други договорни услуги | 8.300.000 |
| | 425940 | Рушење на објект | 8.000.000 |
| | 425970 | Консултантски услуги<br>(Мерење на бучава)<br>(Генерички обуки) | <br>200.000<br>100.000 |
| 426 | | Други тековни расходи | 300.000 |
| | 426410 | Објавување на огласи | 300.000 |

Средствата за осигурување на инспекторите од несреќи при работа, што е обврска согласно со Законот за инспекциски надзор, ќе се обезбедат од буџетот на Општина Центар.

Се планира набавка на ХТЗ опрема за инспекторите, како и униформи за комуналните редари, кои исто така ќе се обезбедат од буџетот на Општина Центар.

**Меѓународна соработка**

Секторот за инспекциски работи при Општина Центар-Скопје ги врши своите надлежности согласно позитивната законска регулатива и е отворен за соработка со национални како и интернационални инспекторати како и интернационална соработка согласно законските можности се со цел попродуктивна работа на инспекциските служби и нивно унапредување со европски стандарди.

Секторот за инспекциски работи на Општина Центар е дел од локалната самоуправа (локална инспекција), но сепак во наредната година ќе се обиде да се вклучи во меѓународни проекти со кои би се зајакнала и опремила општинската инспекција за да може соодветно да одговори на модерните предизвици.

**Други активности на инспекциската служба:**

За 2023 година е планирано набавка и користење на еден дрон преку кој ќе се има подобар увид врз целата територија на Општина Центар која е во

надлежност на делување на Секторот за инспекциски работи на Општина Центар. Планирано е користењето на дрон да помогне преку апликација за контрола на градилишта во однос на висини и зафатени површини.

На барање на Секторот за инспекциски работи планирано е да се спроведе набавка на мобилни камери кои ќе бидат поставени на места каде имаме незаконско одлагање на отпад, уништување на поставената урбана опрема и останати "црни точки". Истите ќе бидат поврзани со *cloud* решение при што ќе вршат сликање и препознавање на сторителите и возилата кои се сторители на прекршоци и врз основа на тоа сторителите ќе бидат санкционирани. Инспекторите ќе имаат веднаш информација за тоа што се случува на терен преку нотификација од локацијата на која се наоѓаат овие мобилни камери.

Заради поефикасна комуникација со граѓаните, планирано е да се имплементира апликацијата FreshDesk преку која на инспекторите и комуналните редари им се доделуваат задачи односно налози за нивно постапување. Целиот предмет се следи преку апликацијата до која фаза е во инспекциската постапка и инспекторот е должен да даде известување за постапката односно какви инспекциски мерки се превземени.

Апликацијата FreshDesk е поврзана со ФБ страната - Инспекторат на Општина Центар, преку која со праќање порака на ФБ страната од страна на граѓаните, се креира предмет кој се одобрува од страна на раководителот на поединечните инспекции, а потоа се делегира на конкретен инспектор кој понатаму постапува по предметот.

Во текот на 2022 година планирано е да се продолжи со подобрување и усовршување на оваа алатка со цел постигнување на поголема ефикасност во работата на инспекторите, како и поголема достапност на инспекцијата до граѓаните.